СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 февруари 1994 година

Скопје, февруари 1994 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 73-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 4.II.1994 год.**

Д.р. ПЗ за Ратификацијa на договор меѓу Владата на РМ и Меѓународната банка за обнова и развој за заем за економска обнова

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 8, 15
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 13
3. БОШКОВ ЈОРДАН - 2, 30, 37, 38
4. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 5, 8, 9, 10, 11.
5. ГРОЗДАНОВСКИ ДРАГИ - 4, 29
6. ДИМОВСКА ДОСТА - 39
7. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 29
8. МАНЕВ ЕФЗРИМ - 27
9. ПОПОВСКИ КИРО - 12
10. ПЕТРОВ ТОДОР - 16, 19
11. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 31
12. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 3, 21, 38
13. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 20, 21, 28
14. СПИРОВСКИ ИГОР – 33 (прозива)

15, ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 19

16. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 23, 27
17. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 33

- КРАЈ -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 февруари 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Гулистана Марковска, Зоран Крстевски и Наум Симјановски и Љубисав Иванов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој за заем за економска обнова

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласаше за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 се воздржуваат од гласање).

I/2

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за заем за, економска соработка.

Преминуваме на точката 3.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а кооридназорите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Молам, ова се однесува на целата точка. Некој може да говори во општиот претрес некој во поттекстот на законот некој по амандманот. Секој треба да си одбере по што ќе говори.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (14 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Деловнички за збор се јави Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Како член на деловничката комисија и запознат со деловници од европските парламенти ваков стил, вакви одредби не сум сретнал. Сакам да ви кажам господа од мнозинството дека процедурата ја нарушувате. Нормално тоа не е по точката на дневен ред, ова е за процедурата. Вие донесувате деловнички регулативи, кои инаку не се познати пошироко во парламентите. Не мора ништо, само што ова ќе треба да им се појасни на соговорниците и настрана.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, ние не донесуваме нови деловнички одредби, туку во склад со постојните деловнички одредби на основа на тие одредби одлучуваме за постапката како ќе биде по точката.

Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународното здружение за развој за кредит за развој, кредит за економска обнова.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК Ви се поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? Господин Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Животот се состои и од грешки. Ако ова Собрание направи една грешка и донесе еден закон со кој го мени името за внатрешна употреба на Република Македонија, господине Горчевски ако вие имате нешто, станете....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тишина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Па, не може господине претседателе, тој човек ниту има обврски ниту има лик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие со луѓето не можете одовде да давате карактеристика. Немате право. Продолжете да зборувате за тоа што сте дојдени за тоа што сте дојдени. Молам, од местата немојте да се уфрлате. Учесникот во претресот, овде не се расправа во поединци зборува на Парламентот. Да не се обраќате на поединци.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Право е да се упаѓа, меѓутоа, кога некој тоа често го повторува, ќе мора да провери дали нешто чини или не чини тоа што го прави.

I/4

По однос на законот реков дека ако еднаш се направи една грешка, не треба таа грешка да биде правило во животот. Затоа, подржувајќи го стојалиштето и ставот на ЗПК дека овој закон нема уставна подлога да може во договор да се променува името на државата надвор од Уставот со една финансиска институција, тогаш излишно би било да говорат за други објаснувања што ги дадов оние вчерашни. Останувам пак при истите и укажувам дека првата грешка што ја направивте со гласање денеска не ја повторувајте со овој закон. Правилото на навика е опасност. Овој Парламент ако тргне по таа работа да го : крши Уставот и да ги навикнува луѓето на незаконитост, тогаш навистина грешка е што донесовме нов Устав токму од ова Собрание. Сакам да кажам едно дел од оние кои гласаа за претходниот закон и кои како коалициони партнери го поддржуваат овој текст за Уставот не. гласаа. На нив им е сеедно што ќе биде. Дали ќе се применува тој устав или не. Нормално е дека сега ќе навалуваат да се спроведува она што беше ветувано дека ќе биде само надвор како уставно име нарушено во 00Н, а не за внатрешна употреба со овој дел сега тие не гласаа за Уставот, еве ние имаме ново име на државата преку овој, закон. Со право утре да постават прашање за постоење на Уставот. А некои ако сакаат преку моментален интерес да го сменат името на државата, тоа нека го носат на совест и на душа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Гроздановски.

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Почитувано Собрание, во својство на известител на ЗПК оваа Комисија со 6 гласа за и 4 гласа против оцени дека предлогот за донесување по итна постапка на Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународното здружение за

развој, за кредит за развој, кредит за економска обнова, со Предлог на закон не е во согласност со Уставот на Република Македонија и со правниот систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

ГИ користам по трет пат седумте миниту кои ги дозволува претседателот на Собранието за да можеме да го искажеме своето мислење по третата точка од едноставна причина што сметам дека и сите три точки може да се разгледуваат во еден контекст.

Донесувањето на овој трет закон, исто така како и претходните дава закони има две димензии. Прво, политичката димензија и второ економската димензија. Сега ќе се задржам прво за економ- ската димензија за која почнав по претходниот закон и морам да ја завршам мојата мисла. Од сите претставници на Владата и од сите претставници на коалиционите партнери се зборува за овие кредити како за голема помош во Република Македонија, се зборува како еден начин за заживување на стопанството на Република Македонија, како еден начин за спасување на македонското стопанство.

Македонската држава е осудена да зема кредити и во таа смисла повторно го потенцира моментот. Зошто бегаме од она што сите ние односно посебно оние кои се декларираат како континуитет за стариот режим одбегнуваат да го кажат фактот. Кој е тој кој досега ја задолжуваше Република Македонија, кои структури ја задолжуваа Македонија, кои партиски сили ја задолжуваа Македонија и фактот што сега мораме тие кредити да ги враќаме. Кредитите како кредити се

нужност меѓутоа се поставува прашањето на довербата на Владата кој ги користи тие кредити и вербата на стопанството на граѓаните дека со тие кредити ќе се искористат за најдобра намена и најприципиелно за заживува на стопанството. Во таа смисла можам да ја изразам само мојата недоверба дека, за жал, оваа Влада која денес владее во Република Македонија, државното раководство кое владее во Република Македонија, а кое фактички го одразува континуитетот на стариот комунистистички систем со сегашната нова самостојна македонска држава зборува само едно.дека граѓаните во Република Македонија, уште повеќе партиите Б Република Македонија она во што најмалку можат да веруваат е тоа да веруваат во оваа Влада. Дека од овие 100 милиони кредити со кои ќе биде задолжена Република Македонија ќе ги искористат во принципиелни сметки ќе ги искористат за развој и за напредок на македонското стопанство и на македонскиот народ. Напротив оваа Влада со овој нов долг од 100 милиони долари на македонскиот граѓанин може да му гарантира само едно дека грабежот, корупцијата и распродажбата на македонското богатство уште повеќе ќе се зголеми, уште повеќе ќе имаме сплекување и заживување на мафијашките процеси на Република Македонија и само ќе биде тоа една додатна инекција не на македонското стопанство, туку ќе биде додатна инекција на сите оние кои досега многу добро се познати со своите цели за корупција, уништуваше на македонското стопанство и уништување на обичниот македонски граѓанин. Тоа е основната причина зошто се спротивставуваме за земање на овие кредити. Едноставно немање доверба во оваа влада, немање доверба дека парите што ќе бидат земени со овие кредити ќе бидат наменети во вистинска функција. Тоа е таа главна димензија, која исто така со оној политичкиот дел, исто така претставува два моменти зошто се спротивставување за земањето на овие кредити.

Вториот момент е оној политичкиот. Вчера се направи еден преседан со кој покрај ускратувањето на демократското право на парламентарците што зборуваат,ограничувањето само на седум минути се случи еден друг преседан. Македонската телевизија кога требаше да дојде гласањето за амандманот кога се гласаше поединечно за истиот тој амандман го прекина тој телевизиски пренос, најверојатно, за да и овозможи на коалиционите партнери и на пратениците од коалционите партнери полесно да поминат преку ова злосторство што го направија во интерес на Македонецот. Инаку, мошне ми е мило што после вчерашната дискусија настапија неколку пратеници од пратеничката група на СДС и јавно кажаа дека еве тие се согласуваат да признат пред македонскиот народ дека конечно прифаќаат еден договор во кој пишува Поранешна Југословенска Република Македонија и дека веќе се согласуваат отворено тоа име да го прифатиме во двојна употреба внатрешна и надворешна потреба на нашата држава.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ: (**продолжение)

Во таа смисла зборувајќи за една апсурдна сцена во која бевме доведени од страна на пратениците на СДС, на една сцена орловска;е држава сигурно сцена сигурно со која треба јавно да се крстат преку одлука на македонскиот Парламент да се откажеме од нашето уставно име, треба само да спомнам дека навистина ние навлегуваме како држава во тие канџи на орловската држава. Сигурно најдобар сведок е денешниот ден, имено ние знаеме денешниот ден е голем празник, се слави роденденот на познатиот идеолог Гоце Делчев револуционер, од каде што доаѓаме ние, нашата пратеничка група, каде што полагавме цвеќе. Она што фрапантно делуваше на поставување на тие цвеќиња беше режимскиот историчар, не му го знам името, што го даде воведниот реферат, кој што беше толку дрзок да каже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа навистина нема врска со Законот. Ајде па да ни раскажите што друго сте виделе на улица. Каква врска има со Законот Ве молам, расправајте за Законот.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Г-дине Андов, јас навистина ве замолувам да престанете да коментирате и да се однесуваат како врховен деспод во овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сум тој што е овластен и задолжен да внимавам кој за што зборува. Овде имаме точка на дневен ред, а вие добивте збор за тоа. Тоа ме задолжува Уставот и законите на Македонија. А вие оспорувајќи го тоа право, се спротивставувате токму на тие одредби г-дине Георгиевски.

II/2.-

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ;**

Г-дине Андов вашата дрскост ги претерува сите мери во оваа македонска држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дрзок е оној кој ми ги успорува законските и уставните права.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Вчера бевте толку дрзок, да предложите 7 минути. А денеска предложивте уште поголемо скратување да немаме право да разговараме ни за амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мојот предлог е во рамките и врз основа на Деловникот

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Зборувам за демократијата во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Демократијата се прописите, г-дине Георгиевски, а не тоа што ќе му падне на памет на г-динот Георгиевски кога ќе дојде на говорницата. И ве молам држете се за вашите 7 минути и за тоа што сте дошле да го кажете за законот. Митинг можете да си организирате секаде каде што сакате, само не во салата на Собранието.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ;**

Дали завршивте г-дине Андов, да продолжам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие продолжете за Законот.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Благодарам за зборот, и ве молам да не ме прекинувате

II/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако зборувате за законот, нема да ве прекинувам.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ;**

Со овој Закон се укинува демократијата во РМ, поради принципиелноста против процедурата и против се она што значи Устав. Она што почнав да го зборувам, со денешниот ден е токму тоа. Што еден државен историчар на гробот на Гоце Делчев.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаат врска историчарите со законот.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Во врска со Законот е. Зборувам за она што се нарекува принцип кој мораме да го браниме. Со овој Закон ние денеска прв пат во македонскиот Парламент, односно вчера, а денеска втор пат по третата точка, по еден друг закон воведуваме една пракса да го менуваме уставното име на РМ и јас мојот говор го користам токму за тој елемент менувањето на уставното име на Република Македонија Од Република Македонија во поранешна Југословенска Република Македонија кој вие исто така гласавте вчера и поединечно и групно и вашата парламентарна група и вие како претседател на Собрание што претставува врховно кршеше на Уставот на РМ.

Поаѓајќи од тој принцип некој го крши уставното име на РМ, Сигурно можам да зборувам и за историјата, можам да зборувам и за идеалите на овој народ кој биле потекнати од еден од најголем идеолози Гоце Делчев.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За идеалите можете да зборувате на друго место. Овде ќе зборувате за Законот.

II/4.-

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Г-дине Андов, ве молам навистина да не ме прекинувате во коментарот. Две реченици се во прашање и ќе завршам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за што добивте збор, зборувајте за тоа.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Зборувам за прекршувањето на Уставот на Република Македонија. Овој македонски Парламент на чело со претседателот на тој Парламент г-дин Стојан Андов, вчера изгласа една одлука. Уставното име на РМ да биде преименувано во поранешна југословенска Република Македонија. Парламентарните групи на СДС, Либералната партија, ПДП и Социјалистичката партија гласаа за тој предлог. токму во тој контекст зборувам дека ако врховниот идеал на историското ВМР предводено со Гоце Делчев, ќе беше токму името и слободата и независноста на македонската држава, денеска се случува еден врховен преседант, еден државен историчар јавно пред македонската јавност го истакнува ставот дека Гоце Делчев бил соиијал-демократ, член на Социјал демократската партија во Македонија. (се слуша смеење). Вие можете да се смеете, меѓутоа тоа го кажува еден државен историчар денеска на полагањето на цвеќињата на гробот на Гоце Делчев. Што е она што сакам да го кажам пред македонската јавност. Пред македонската јавност е токму оној парадокс . Вчера во мојата дискусија по идентично прашање зборував за цинизмот на СДС. Вие г-да пратеници од СДС и либералите, вашиот врховен цинизам го менувате името на македонската држава во Бивша југословенска Република Македонија. И она што најмногу боли од се тука е вашиот цинизам. Вие цело време се смеете овде, вие цело

време се потсмев овде, вие си играте и мајтапите со македонското уставно име. Се мајтапите и си играте со идеалите на овој народ за кој илјадници жртви паднаа. Тоа е тој парадокс кој мораме да го имаме на знаење и кј овој пат по третата точка повторно ми се случува. За жал апсурдноста во која ја доведувате Македонија нема крај. И едноставно ваш начин, ваш избор е силата на тортура, е силата на Парламентарното мнозинство кое сметате дека со обично надгласување можете да изгласате и да изберете се што ќе посакате во Македонија. Меѓутоа, се надевам дека конечно целата ваша политика многу убаво се разобличува пред македонската граѓанска јавност. И целата македонска граѓанска јавност ве има во целта свест со какви вистински мангупи се има работа, со какви криминалци и со какви злосторници на македонскиот народ. А вие повторно се смеете и повторно дофрлувајте, повторно г-динот Андов нека воведува диктатура чекор по чекор во РМ и можете на крајот да се радувате на вашите недискуси, а тоа е тонење на Македонија во сите сфери, во меѓународната политика, во демократијата и со овој сто милионски долг повторно една економска беда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја говорницата Ве молам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Го користам Деловникот да исправам една неточност. Гоце Делчев бил социјалисти по определување и ние ова година одбележуваме 100 години 1893 година во Македонија е формирано Првото здружение на друштво на социјалистите во Македонија. И оваа година социјалистичката партија одбележуваше 100 години од формираните социјалистите во Република Македонија и Првата социјалистичка мисла во Македонија на кој што припаѓал Гоце Делчев.

II/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е ова симпозиум за Гоце Делчев. Со репликите исто така. Држете се за она што го имате во врска со Законот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, не сакам да го девалвира името некои си тука бил на гробот. Ние сме живи сведоци на таа историја и знаеме кога се роди Гоце Делчев. За тоа не сакам ништо да зборувам. Прво сакам вака да кажам. Да им заблагодарам на сите колеги што ме посетија кога бев болен. И на претседателот на Собранието.

Овој Парламент, ова наше Собрание, поправо ние имавме една задача да ја создадеме оваа држава и да ги донесеме законит. Уште од правата година кога влегов во Парламентот мислев дека ќе имам работа со луѓе кои ќе ми помогнат во тоа дело. Меѓутоа, гледајќи ја ситуацијата понатаму видов дека луѓето во кој јас имав доверба, ме изневерија. И кој сака нека дојде сега, нека се распра- ва, меѓутоа не е време за расправа ќе дојдат деновите кога ќе ја кажеме целата вистина. Девалвација на Парламентот, девалвација на законите, узурпација на некој начин на луѓе, тоа е најголем криминал кој може да се врши во оваа држава. Да поминеме сега на целта. Г-да, во принцип сум оваа држава зајакнува. Во принцип сум оваа држава да го добие вистинското име и верувам во тоа. Затоа што јас не бев некој кој не верува. Јас знам дека и таа Грција која не нема признаено, мислиме дека не има признаено. Повелете на просторот ќе го видите нивното знаме на Конзулатот. А кога ќе одиш таму да вадиш пасош,"не мозе, не мозе'.' Да господа. Ќе не призната и тоа што мора да не признаат. Зошто тој Конзулат стои тука кога вика не мозе.

Што се однесува до овие закони бев противник за кредити на Сорос. За тоа дојдов со г-динот на Владата во еден сукоб.

II/7.-

Доколку и сега не сум целосно да се добијат такви кредити, но јас ќе дадам една сугестија ако сака нека ја прифати претседателот а за таа сугестија ќе видиме дали сум во право јас, или претседателот тој кредит Владата треба принципиелно да има еден став да се држи по еден принцип и да се доделува таму каде што треба. За другите кредити и заеми знам дека требаше да се исплатат 105 милиони долари да се вратат, за да имаш лице да добиеш. Јас така тоа го толкувам. Не може економски, социјален развој без економски развој. Не може да се фалиме дека сме Швајцарија, како некни еден што рекол ќе биде Швајцарија после 10 години. После 10 години нема да биде жив ни тој ни јас. Државата не може да биде за некоја мајка, за друг макеа. Секој е власт , и секој е овој орган и сите ние тука што сме, до кога ќе бидеме, ќе бидеме, а нема да бидат тие веројатно кој од тука сакаат да создаваат предизборна кампања. Не може волк да чува овци. Тоа народот ќе почне да го сваќа. Не навредувам никого. Некои кредити што треба да се земат веројатни некаде треба да се врата, И медија се задолжува. Немојте да сфатите дека Америка како Америка не е задолжена. Така се држат меѓудржавните економии и така тие живеат. Не може никоја држава да биде независна во се, во поглед на економија или кредити. Веројатно претставникот на Владата ќе даде на кој места треба да се вратат тие кредити. А што треба да земеме кредити - треба. А што сме криви за тоа што стопанството го донесовме во таква бе, не ние, ни оваа Влада ни таа претходната Влада кога велев арамии ова, она, а јас знам дека тоа се случуваше уште во време пред ние да бидеме сите во овој Парламент. Ако некој не сака да го разбере нека ги отвори малку повеќе очите, нека прочита од кога почна хаосот во оваа држава. А сега што станува во државата, сега сме сите еднакво виновни, затоа што не ги носиме

позитивните закони со кој ќе може да работи државата. Треба да знаеме една работа. Пред Законот на државата, пред Уставот на државата сме еднакви. Секое едно кревање или некревање, или девалвација на државата тогаш ние не чиниме сите. Ќе ве замолам за една друга работа. Ве молам најискрено сите. Не бев присутен во Парламентот доста време. Не припаѓам на партијата која го девалвира Парламентот. Не припаѓам ни во вашата партија. Припаѓам на тие четири букви таму што ми стојат и што ги гледам. Да не очекувате дека сега ќе умрам и тоа да ви го кажам. Друга една работа. Не сакам мојот народ никој да ми го вреѓа - Егеецот. Мене ме имаат испсуено и мајка егејска и нација егејска. Ве предупредувам, уште еден пат ако ми испсуете мајка егејска, јас ќе се расправам лично, не ми треба никој друг. Мојот народ не е за псуење. И ми е жал во таа партија каде што бев, таму лежеше зајакот, таму лежеше тие што ми ја псуеја мајката. Само доцна јас се свестив. И завчера за жал еден човек од кој јас ги почитувам сите подеднакво од ПДП ми смешно малку Егејци. Јас не ве мешам, но така некој кажал, и јас го прочитав во еден стенограм. И да не мислите дека само таму има ВМР-овци Таму има само 3 ВМР-овци, другите се ДПМНЕ, а меѓу вас тука знам дека има внуци на војводи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дамо една напомена. Кога се излегува на говорница да внимаваме и за речник и за зборови и за се што се употребува. Да се излезе на говорница треба да се изнесат одредени тези по точката која е на дневен ред. Да се излезе на говорница на колегите да им се кажува дека се мангупи, криминалци ова или она, тоа е недостојност за пратеник, како што сакам да напоменам и последниот говорник нема нација Егејска. Нема народ егејски. Тоа се македонци. Тоа се интегрален дел од македонската нација и македонскиот народ. Тие се изјасниле како

Македонци, живеат со нас, ништо од нас не ги одвојува, ни по обврските, ни по правата ни по свеста. Може да биде само низок акт на некои кој така ги псуе некој Луке заради несреќите што ги доживеале дошле овде. Но не е добро од говорницата на Собранието на тој начин да се зборува за тој дел од македонскиот народ и од македонската нација.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Повторувањето е мајка на знаењето, па ќе се потрудам дел од излагањето на Законот во точка 2 што го донесе овој Парламент да укажам на некој моменти во врска со донесувањето на овој закон. Кога станува збор за задолжувањето во странство треба да се има предвид пред се законските решенија во Законот за буџети, Законот ка кредитните односи со странство, Законот за склучување и извршување на меѓународните договори, Законот за условите за користење на одобрени и склучени договори за заемни со меѓународни финансиски организации, па затоа сакам да нагласам дека предложениот закон не е усогласен со постоечката законска регулатива и Уставот на Македонија во која е пропишана постапката за задолжување на

Република во странство. Притоа ќе го цитирам членот 16 од Законот за склучување и извршување на меѓународни договори. Делегацијата на Република Македонија, односно лицето определено за потпишување на меѓународен договор во рои од 30 дена од денот кога преговорите се завршени го доставува текстот на потпишаниот меѓународен договор со сета документација до органот на државната управа надлежен за надворешните работи. Кон текстот на меѓународниот договор делегацијата на РМ во соработка со надлежниот орган поднесува до органот на управата надлежен за надворешни работи нацрт на актот за ратификација со образложение. И членот 17 од истиот Закон постапката за ратификација на меѓународен договор поведува

орган на управата надлежен за надворешни работи што би се рекло Министерството за односи со странство.

Од Законот за буџети ќе го повторам членот 38 став 1 само Владата има право да зема заеми од правни и физички лица од земјата и од странство за покриваше на буџетскиот дефицит и да дава гаранции за отплата на обврските по основ на земи земени за оваа намена. Членот 40 став 1. За земање на заедни и давање на гаранции на предлог на министерот за финансии Владата донесува одлука која се објавува во Службен весник на Република Македонија.

Сакам да верувам дека Владата се уште се сеќава на расправата по Законот за буџети кој беше дел од пакетот на стабилизационата програма на Владата и според образложението на министерот за финансии усогласено со мисијата на меѓународниот монетарен фонд. Во тоа време министерот во однос на главата за заеми и буџети сосема не убедуваше дека заемите, задолжувањето на РМ во странство мора да ги врши со склучување да договори само Власта на РМ и дека. таа е утврдена меѓународна методологија. Се поставува прашањето што сега Владата бара од Собранието. Истата процедура што еднаш е оспоруваше во овој Парламент. Или бара алиби во Парламентот како покритие за евентуални грешки во чекори. Законите од пакетот на стабилизационата програма ги предлагавте токму вие пратениците, односно Владата од партиите на пратеничките групи во коалиција, во мнозинство во ова Собрание. Но сега се поставува прашањето зошто Владата го злоупотребува Парламентот,со поднесените закони кога знаеше дека ќе испровоцира расправа каква што се и доби во ова Собрание. Или, целта беше ќе ја искористиме опозицијата за да се преставиме како спасители на државата. Пак ќе поставам прашање. Дали Владата ги почитува законите во врска со задолжувањето во

странство за сите странски кредити и долгови. Дали е склучен, односно потпишан договор со економската банка за обнова и развој. Мене колку што ми е познато тој договор е склучен. Дали тој договор овој Парламент го ратификуваше со Закон. Не го ратификуваше. Зошто Владата не каже дека гувернерот на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој при склучувањето на тој договор, г-динот Миљовски тој договор го потпиша со именувањето поранешна Југословенска Република Македонија. Ако се има тоа предвид, тогаш сосема јасно зошто овој Парламент не ратификува ниту еден меѓународен договор -за воспоставување дипломатски доноси итн. или Владата мисли дека тоа ќе се заташка, а одговорноста ќе ја заобиколи. Во образложението на Законот што е понуден е кажано, согласно правилата на банката средствата од банката и нејзините афилијации можат да се користат за измирување на обврските кон неа само со претходно пред нејзиното потпишување, ратификација на договор за одобрување на заем од страна на заем од примачот како гаранција дека заемопрмачот ќе го прифати и реализира договорот. Меѓутоа, ако овој ист Парламент или коалицијата го донесе Законот за буџети, зошто не се почитува член 38, па тие гаранции по овој Меѓународен договор без да се вовлекува Парламентот во вакви игри да ги дадеше Владата на Република Македонија. Ако не заборавивме оваа Влада своевремен кога се работеше за ратификација за меѓународни договори, го извести Собранието дека конкретно мировните сили ќе дојдат во Република Македонија, меѓутоа прво ќе се потпише договор со Советот за безбедност, а договорот ќе се реализира ако Собранието го ратификува. И сите добро знаеме и паметиме дека Парламентот не се вовлече во никакво ратификување на било каков договор, затоа што ословувањето од Советот :за безбедност беше под именувањето Поранешна Југо-словенска Република Македонија.

III/1 ЈМ/СЛ

**ТОДОР ПЕТРОВ**:(продолжение)

И на крајот , моето искрено жалење што Владата не потребно го вовлече и вовлекува Парламентот во играта со ословувањето Поранешна Југословенска Република Македонија. Чесно ќе беше ако започнатите односи на склучување меѓународни договори со постапката завршија во самата Влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Пратениците: Томислав Стефковски, Драги Гроздановски, Вецко Личоски, Драги Арсов, Стоиле Стојков, Гоце Темелковски, Ташко Киров, Борис Змејковски, Кирил Ковачевски, Томислав Стојановски, Ратка Димитрова, Душан Трпчевски, Александар Флоровски, Зоран Китев поднесоа амандмани на член 2 по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Драги Гроздановски, Вецко Личоски, Драги Арсов, Стоиле Стојков, Гоце Темелковски, Ташко Киров, Борис Змејковски, Кирил Ковачевски, Томислав Стојановски, Ратка Димитрова Душан Трпчевски, Александар Флоровски, Зоран Китев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Амандманот поднесен од група пратеници, Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, амандманот што го поднесовме група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ се однесува на членот 2 од Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународното здружение за развој. Синоќа имавме Меѓународна банка за обнова и развој, денеска имаме некој Договор со Меѓу- народно здружение за развој и во истиот тој договор повторно се употребуваат зборовите "Поранешна Југословенска Република Македонија Амандманот го поднесовме со цел да се зачува и во сите тие меѓу-народни документи уставното име на нашата држава, а тоа е Република Македонија. Бидејќи вчера беа искажани во однос на содржината на Договорот дека тоа е во договорот, не е во закон, сакам да укажам дека Договорот е составен дел на законот и тоа е членот 2. Содржината на Договорот ја претставува членот 2 на законот. И затоа ако го погледнете текстот на законот ќе видите дека имаме член 2 каде што е содржината на Договорот и член 3 после Договорот даден на македонски и на англиски јазик. Договорот , односно законот ќе се објави како што е даден на пратениците, тоа значи во целост на македонски и на англиски јазик. Според тоа сите вчерашни приказни дека договор не е составен дел на законот паѓаат во вода.

Во оваа прилика сакам исто така да кажам, бидејќи се работи за една материја која што е од суштествено значеше и од правен и од политички аспект, мислам дека како претставник на Владата во случајот без оглед што предлагач е Министерството за финансии, или Владата, да соодветниот министер за правосудство и управа се произнесеше по

амандманот, или евентуално даречам Уставната комиси на Република Македонија. Бидејќи тоа не се случи ЗПК на Собранието на РМ на својата вчерашна седница го поддржа овој амандман и бидејќи се работи за еден амандман кој што е во функција на заштита на Устав па јас би замолил наместо јас да давам образложение што се говореше на ЗПК, членовите на ЗПК кои гласаа за овој амандман кој што е усвоен на ЗПК да образложат зошто го поддржаа овој амандман. Исто така, би ги замолил г-динот Гештаковски и г-динот Наќе Стојановски да кажат зошто гласаа против амандманот, зошто гласаа за Бивша Југословенска Република Македонија.

Јас не знам колку минути искористив?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате право уште десет минути да зборувате.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас прочитав некои деловници од парламентите на Запад и ако веќе некој ме ограничува , јас имам право уште десет минути да стојам на оваа говорница, да размислувам за да го пополнам фондот на 15 минути. Тоа нема да го сторам, но ќе имате прилика друг пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа во секој случај. Петнаесетте минути никој не може да му ги одземе.

Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, овде се работи за здружение и здружението го земаме како банка и здружението ќе ни менува име. Кој знае што се уште ќе се случи. Кога говорев вчера дека ќе дојдат спортски, културни било какви организации, сите ќе не напишат и ние ќе го добиеме името за

внатрешна употреба. Од позиција на уставниот принцип да за територија на Република Македонија важат Уставот и законите што ќе се донесуваат во ова Собрание, а меѓународните договори се:: составен дел на правниот систем и не можат да се менуваат со други одлуки. Останува единствено да колку време ќе трае овој кредит ако не се спогодиме со таа банка , или со ова здружение името и за внатрешна употреба кога ќе вршиме кореспонденција со таа институција финансиска за планот на амортизација на кредитот ќе мора да го употребуваме името од Договорот односно од законот. Ние со тоа правиме прием на туѓ закон ,, туѓи правила ги оснажуваме денеска , ратификуваме договор со сила на закон. Ние мора да ја сфатиме таа работа. По правило ратификација се врши на закон , на договор кој е веќе склопен, а под склопен договор се утврдуваат условите, договорот е потпишан и договорот влегува во реализација од моментот на ратификацијата. Овде ние ниту имаме склопен договор, ниту имаме било што, имаме .преговори. Ако сега што не направи некој од овие институции, па му текне да не го прифати овој договор и одеднаш да каже: Еве ова Собрание ратификувало договор каде кажало дека има друго име, ама договорот не е заклучен. Да ве прашам, со кој акт веќе ќе го смените тој договор? Со кој акт, со законот на државата не може да се променува, не може да се укинува. Сега некој ќе каже, па да, тој договор не стапил на снага. Дозволете, млекото е покварено, откако ќе му се стави потквас, а не откако ќе стаса. И овде името на државата е покварено откако се ставила оваа гаранција. И ние со овој момент го растураме името за внатрешна употреба, ако го примивме прв пат како јадец да е за надворешна употреба, односно за внатрешна употреба во ООН , тогаш беше едно. Пак примаме друг јадец за внатрешна употреба. Нека стане некој, нека ми направи разлика што е помеѓу овие две, веројатно јас ќе имам мислење и размислување да прифатам некое слободно толкување како јас почесто се изразувам,

креативност на закон. Законот ќе има креативност само ако има позитивна работа, ако не, одудара од основните принципи, ако не го нарушува правниот систем, ако не го нарушува уставното определување, тогаш има креација а ако сето тоа го чини, тогаш се крши законот и нема законитост. Заради оваа работа јас господа пратеници ако еднаш направивме една грешка, да не направиме повторно друга, немојте сега и со оваа институција, здружение за развој да не доведе и тоа да ни го става името за употреба и внатрешна. Пак повторувам, што ќе биде ако ова здружение надвагне нечиј интерес економски да не падне. Ние ќе тврдиме дека имаме договор, еве сме извршиле ратификација, а договорот го нема, сме пристанале за внатрешна употреба на државата под туѓо име. Тоа е основниот елемент, тоа е против уставна одредба. И не дозволувајте тоа да се случи. Кога реков пред малку дека на некој му е многу едноставно да си игра со името и со уставните одредби. Сакам да напоменам дека некои политички групации кои го сочинуваат овој Парламент во повеќе наврати ги менуваа своите имиња, веројатно поаѓајќи од светото свое крштение кое може да биде секој ден ќе ја крсти и Република Македонија под разни имиња. Немојте така, своето име менувајте го, меѓутоа, државното име не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Бранко Црвенковски, претседател на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во последно време има една пракса од страна на електронските медиуми во Македонската радио телевизија и некои други во Република Македонија, а тоа е да филмовите што се прикажуваат доцна навечер другиот ден се репризираат. Веројатно да им се овозможи на некои луѓе кои што

вечерта заради тоа што доцнежниот термин не можеле да го следат тој филм, другиот ден да имаат прилика уште еднаш да го видат. Се плашам дека некои што имаа прилика да ја следат и вчерашната расправа во Парламентот и денешнава ќе помислат дека се репризира и седницата на Парламентот од вчера, бидејќи се повторуваат истите аргументации, истите амандмани, на некој начин не е ни чудно бидејќи овој закон кој што денес го разгледуваме во овој момент во основа е ист или сличен .закон со оној претходниот, со тоа што морам да кажам дека е поповолен, бидејќи е со критериуми со поголем грејс период и со поповолни услови за наплата. Меѓутоа, еве се чувствува потреба уште еднаш истото се и по повод на овој трет закон, или трета точка на дневниот ред да се испостави и за да не ги збуниме гледачите дали е реприза или стварно, јас ќе се јавам за да биде по верна сликата од вчера.

Ќе повторам само неколку работи и ќе се навратам на некои аргументации кои што овде беа изнесени. Прво, Република Македонија од април минатата година е членка на 00Н. Притоа, заради постоечкио спор 00Н се обраќа, а за да не биде во меѓувреме додека се реши тој спор Република Македонија надвор од меѓународните асоцијации точно онака како што вчера господинот Бошков се изјасни, значи не со привремено име, тутун се користи опис кој што привремено ќе биде во употреба додека не се разреши тој спор. И тоа го прифатија и други асоцијации, агенции, врзани за организацијата на Обединетите Нации. Тоа го рековме вчера можеби малку поелаборирано, меѓутоа еве чувствувам потреба уште еднаш да го повторам. Меѓутоа, денеска што е главниот аргумент што се нуди, а тоа е дека овој закон и овој договор станува дел од правниот систем на Република Македонија и бидејќи таму се споменува терминот поранешна југословенска република Македонија како опис кој што се користи од банката кон нас, а ние ќе ставиме потпис

на тој договор, дека со тоа всушност го легализираме овој назив во Република Македонија. Бидејќи господата правници добро знаат дека еден договор е договор само доколку постои потпис од двете страни, во спротивно е невалиден, во тој случај и дека потписот е составен дел на договорот и кај потписот ќе стои: Министер за финансии во Влада на Република Македонија. Истиот однос сега по малку шпекулираме, значи дека овој договор ќе стане и дел од прагната регулатива на Светската банка за обнова и развој, односно прифаќајќи го потписот од наша страна во која што стои Влада на Република Македонија, всушност тие прифаќаат да ја ословуваат нашата држава со Република Македонија, односно ние сме се избориле за признавање на Република Македонија на најсоодветните места под нашето уставно име Република Македонија. Тоа важи не само во овој случај. Кореспонденцијата званична од страна на ООН што се упатува кон Република Македонија во неа се користи терминот поранешна југословенска Република Македонија. Нашите одговори, преписка, кореспонденција, документи што ги упатуваме стои Република Македонија и тие ги прифаќаат како меродавни, како дел од нивната регулатива. Со истата аргументација со која што вие сакате да не убедите дека на овој начин се легализира терминот поранешна југословенска Република Македонија, зошто да не ја свртиме малку од другата страна и истата аргументации да ја употребиме, да кажеме, со прифаќањето на нашата кореспонденции нашите потписот под нашето уставно име всушност овие меѓународни институции го прифатија веќе нашето уставно име Република Македонија. Или пак не сакаме така добронамерно да ги гледаме работите, односно навиваме на наша штета, сакаме да се убедиме дека всушност се случува она што нам не ни одговара. Ова го чувствував како потреба, бидејќи ова е аргументацијата што се употребува да се покаже и докаже нешто. Истата таа аргументација важи и во спротивен правец. Факт е дека постои спор.

факт е она што вчера го рековме дека директно ООН преку свои посредници, преку Советот за безбедност, преку Генералниот секретар се ангажирани овој спор да се разреши, меѓутоа прашањето и овој политички спор треба да се решава во рамките на ООН а не низ овие финансиски аранжмани што Републикава ги склучува во меѓувреме со разни меѓународни финансиски институции.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал да укажам на една работа, за која токму сега зборуваше премиерот на Владата на Република Македонија.

Токму тој факт што тој укажува дека Меѓународната банка, која што го става името Република Македонија, од кое што е примена во Обединетите нации, дека Република Македонија не ќе го употребува тоа име во овој закон, а со тоа да го отстранува со местото каде што се потпишува овој акт дека ќе гласи, го потпишува министер за финансии на Република Македонија. Токму тоа нешто го нема во овој закон. За жал во законот го нема бидејќи каде што стои тоа место за потпис и печат е допишано во Република Македонија. Тоа е на очигледно и тоа место е празно оставено. Ако овој договор бил потпишан така како што зборува премиерот на Република Македонија, веројатно тој договор овој Парламент ќе го ратификуваше без никаков коментар.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Да се обидеме и тоа да го расчистиме.

Меѓу другото стои во Договорот на самиот почеток, договор помеѓу ПЈРМ и доле фуснота - опис. ПЈРМ, или поранешна, вчера господинот Бошков лексички се обидуваше да го исправи преводот, југословенска Република Македонија ќе се користи привремено од страна на Банката, а не од страна на членката додека не се договори име со Банката, односно од страна на членката со Банката.

Тоа значи дека во делот кој што се испишува во кој што Банката ги формулира текстовите тие ќе го користат тој термин. Меѓутоа во делот каде што ние тоа треба да го направиме, а сигурно ние треба потпис да ставиме, ние треба да кажеме кој ќе биде потписник во име на Република Македонија, во име на Владата, тоа е делот кој  што ние ќе го испишеме

така како што е во согласност со уставното име на Република Македонија. И тие тоа ќе го акцептираат. Односно, вие го) ратификувате овој документ. Тука стои - ако дојде до измена на текстот ратификацијата не важи. Тоа значи само доколку е ова онака како што е кај вас презентирано, на крај реализирано. Во тој случај важи закон за ратификација. Тоа е во еден од членовите на законот јас но кажано. Така да тука нема недоумица. Ако ви е тоа дилемата, крене- те рака нема да згрешите.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас немам намера за реплика со претседателот, господинот Црвенковски, меѓутоа работите навистина треба да бидат јасни.

Ние имаме Закон за ратификација на договор меѓу Влада на Република Македонија и Меѓународното здружение. Не се впуштаме чиј е капиталот, дали е на Грците или на било кого, не е важно. Меѓутоа, погледајте сега што имаме - договор за кредит за развој . Во насловот на законот велиме договор на Владата итн., .а во првата точка вели договор помеѓу ПЈРМ. Сфаќате ли една игра сега е. Ако стоеше договор склучен од таа и таа дата помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународно здружение се е во ред. Тогаш логично би било да стои и потписот на господинот Џевдет Хајредини, како што е наведено во текстот на законот.

Оттука мислам дека се насеќа дека сепак и оваа Влада имала големи проблеми и дека на одреден начин бара покритие од Парламентот, но не во оваа форма во која ни се нуди, затоа што навистина очигледно е ова. Договор помеѓу Влада, а го склучува договорот Собранието на бившата југословенска република.

IV/3.-

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ**:

Во однос на амандманот за кој раслраваме во својство на известител по однос на амандманот Законодавно - правната комисија на својата седница го разгледа амандманот на членот 2 на текстот на договорот за кредит за развој поднесен од група пратеници на ВМРО-ДПМН: и со шест гласа "за" и три гласа "против" истиот го поддржа.

Како подносител и потписник на еден, амандманот во целост го поддржувам и "за" ќе гласам.

Сега уште едно прашање. Дали нашиот правен систем, во кој закон и со кои одредби во Уставот може договор кој не е потпишан од никого да се ратификува со закон. Одговорот на тоа прашање би бил од- говор на целата оваа работа без разлика дали е БЈРМ. Уште еднаш да повторам, дали во нашиот правен систем е можно договор кој не е пот- пишан од никого да биде ратификуван со закон.

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Јас ќе почнам со една стара изрека што е изречена дека те: ко на оној што го става сопствениот интерес пред државниот. Но овде, барем денес моментално, во ова време стана блазеси му на оној што тоа го прави. Зошто. Изгледа така испаѓа денеска што сопствениот интерес го ставаме пред државниот. Ние секогаш велевме односно пред девет месеци се зборуваше тука дека промената на името односно името БЈРМ нема да го прифатиме ние, тоа ќе биде само времено име. Но полека полека минуваат денови, минуваат месеци па ќе почнат да минуваат и години можеби и векови, како што почнавме се надевам и на тоа веќе. Не може никој повеќе да ме убеди, како што ние самите се скршуваме, не да не скрши некој друг, самите потпишуваме, самите се кршиме прст со прст, прст по прст даваме и раката веќе ја дадовме. Ќе почнеме и дома

да го употребуваме самите тоа име БЈРМ. Не случајно вчера јас се изразив можеби не толку прифатлив за секој, но за мене прифатлив ја згаснав- ме гордоста на овој народ. И самиот јас мислам така. Почнавме тоа да го прифаќаме што за век ќе го запечатиме тоа име на овој народ. Зошто го правиме тоа и самиот не можам одговор да си најдам. Амандманот се однесува токму на тоа да не го прифатиме тоа, но некој никако не може тоа да го прифати и затоа останувам на првото што го реков некој сака да го користи односно да го стави сопствениот интерес пред државниот.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас би сакал најпрво да имам услови за настап, пристојни.

Сосема кратко сакам да кажам дека и овој амандман го поддржувам исто како и вчера амандманот поднесен по заемот за економска обнова. Само едно мало појаснување.

Во текстот на англиски нашата Република е именувана не со име туку со опис. Поточно нема ни име. Што е подобро. Да се членува некаде без свое име, со опис, или со име кое наликува, ама не е баш тоа ќе мора да дадат компетентен став лица кои се за тоа надлежни.

Второ, м«слам дека е многу битно, а овој амандман се однесува на тој опис во англискиот текст, кој е и оригинален стои описот со член, а во македонскиот текст или во преводот нема член, односно стои "поранешна", а не "поранешната". Тоа е исто така еден момент кој мене ме збунува и со тоа нормално настанува конфузна состојба. Што е сега мериторно. Со член или без член? Лингвистите, јас не се вбројувам во нив прават дицидна разлика. Овде Парламентот очигледно преку тоа преминува поточно мнозинството од овој Парламент.

Ова мое јавување сакам да биде сфатено како мало дообјаснување на тоа што јас бев спомнат дека сум дал овде објаснување дека

сум дал описен назив, описно објаснување. Ние во Обединетите нации сме држава со провизориум, а не со име или со привремено име.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитуван претредателе, дами и господа пратеници. За мене амандманот е прифатлив и ќе гласам за него од причини што пред од прилика година дена јас исто таков амандман предложив кога се дискутираше за Предлогот на заклучоци за активностите што Република Македонија треба да ги води за прием во Организацијата на Обединетите нации. Познато е овој македонски Парламент не го усвои тогашниот мој амандман и реши активностите да се водат за зачленување на Република Македонија во Обединетите нации од неуставно име. Од тие причини овој амандман за мене е неприфатлив.

Исто така сметам, бидејќи имаме седум минути на располагање, јас овие седум минути ќе ги употребам да кажам зошто ќе бидам воздржан во врска со гласањето на законот.

Сметам дека овде ни се предлага. чист еден неуставен закон Уставниот суд ќе има прилика да се произнесе во врска со овој закон. Сметам дека не може да се гласа за ратификација на закон, ратификација на договор со меѓународна организација кој договор воопшто не е склучен. На овој начин ние даваме бланко доверба на одредени министри во оваа Влада да потпишуваат договори за кои можеби иднината ќе покаже дека се штетни, односно со штетни последици за Република Македонија.

Во вчерашниот свој настап пратеникот Никола Поповски укажа на последиците од неизгласувањето на овие закони. Сметам дека тие последици ќе бидат уште подрастични доколку се испостави дека се земаат заеми) од Меѓународната организација кои што заеми ќе бидат лошо употребени. Ова го велам од причина што оваа Влада во

досегашното свое работење не ни даде гаранција и не не увери дека на паметен начин ќе ги искористи овие кредити. Оваа Влада својата јавна функција, овие мистри, со чест на ретките исклучоци, својата јавна функција единствено ја сфатија како можност за лично богатење. Кога тогаш тоа ќе се докаже. Верувам дека во блиска иднина, дали на овие избори, дали на наредните, или кога било ќе дојде власт која што ќе им даде отворена можност на новинарите, на сите луѓе што истражуваат овде да кажат на кој начин одредени луѓе дебело се збогатија во оваа држава. Факт е дека во нашата држава не се издаваат дозволи. За било која работа, во мило кое министерство дозволите се плаќаат и тоа дебело во џеб на поедини министри. Тоа ќе се докаже. Ништо не останало недокажано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(24 пратеника).

Дали има некој против? (54 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Драги Грозданов, ски, Вецко Личовски, Драги Арсов, Стоиле Стојков, Гоце Темелковски, Ташко Киров, Борис Змејковски, Кирил Ковачевски, Томислав Стојанов- ски, Ратка Димитрова, Душан Трпчевски, Александар Флоровски и Зоран Китев.

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Бара збор господинот Александар Флоровски, процедурално.

IV/7.-

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

За да биде репризата целосна господа барам поединечно да се гласа, едноставна причина да се види кој е приврзаник на името ПЈРМ,а кој не.

**СТОЈАН АНДОВ:4**

Дали има десет пратеника што го поддржуваат?

Има десет пратеника.

Го молам секретарот да го спроведе поединечното гласање.

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ против | |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | против |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 25. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | против |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

нд

IV/8.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | против |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. | |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | против |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | воздржан |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | против |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | против |

IV/9.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | против |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | против |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | против |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | против |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌК | против |
| 97. НИКСЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | воздржан |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | против |

IV/10.-

нд

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | за |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 1116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАЌИРИ | против |

V/1.- CJ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

91 пратеник гласале.

25 гласале за

61 гласале против

5 се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Драги Гроздановски, Вецко Личовски, Драги Арсов, Стоиле Стојков, Гоце Темелковски, Ташко Киров, Борис Змејковски, Кирил Ковачевски, Томислав Стојановски, Ратка Димитриева, Душан Трпчевски, Александар Флоровски и Зоран Китев.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот. (Пратеникот Јордан Бошков бара збор), Бошков зборуваше веќе.

Господинот Јордан Бошков, да видиме сега за што е оваа работа. Пак процедурално.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас пак ќе морам да појаснам, пред малку зедов збор во рамките на расправата за амандманот и тоа бев именуван.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Расправата за законот е интегрална.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас бев именуван.

V/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

А, именуван бевте, а така, имате право, добро. Тоа е повеќе реплика, добро, објаснете тогаш. Сега имате збор, учество во расправа по законот.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Моите седум минути ќе му ги побарам на Парламентот, освен 30-тина секунди, за мене не претставува никаква чест да присуствувам понатаму на оваа точка од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Господин Стојановски, во што е работата?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, ова право за среќа не е дадено да се оспорува или не. Откако ќе се исцрпи се по однос на законот доаѓа пратеникот да има право да каже како ќе гласа и што ќе направи.

Јас говорев по општиот претрес, па по амандманот, а сега сакам да кажам зошто нема да гласам за овој закон. Ќе ги искористам своите пет односно помалку минути.

Во член 1 од Уставот на Република Македонија, став 1 "Република, Македонија е суверена држава. Името на Републиката е Република Македонија", со тоа нема никој право, па ни ова Собрание да го менува тоа име.

Член 8, во темелните вредности на уставниот поредок на РМ во алинеја 3 една од тие темели е"владение на правото". Ако ние го кршиме

законот по било кој основ, тогаш го кршиме и самиот Устав поради непочитување на ова начело кое е дадено како темелно на државата.

Во член 51 законите и другите прописи се објавуваат и стапуваат на снага, се извинувам, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила. Законите и другите прописи се објавуваат во Службен весник најдоцна во тој и тој рок. Законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок што ќе го утврди Собранието. Законот и другите прописи не можат да имаат правно дејство освен по исклучок во случај освен кога тоа е поповолно за граѓаните.

Овдека поповолноста за граѓаните не може да биде ако се воведува име на држава поинакво од она што е пропишано во член 1.

Најпосле што треба да се каже, јас милам дека треба да се почитува правилото дека законите треба да се во согласност со Уставот, а другите прописи што се донесуваат во согласност со законите и Уставот. Поради ова во овој момент се крши овој основен принцип, односно се крши Уставот, да се менува името на државата. Па, ќе сум среќен што ќе укажам на претседателот на Собранието и на претседателот на државата да ги користат правата од член 75 да не го потпишат Указот за прогласување на овие два закони поради кршење на Уставот од страна на Собранието.

Од овие уставни причини не сакам да гласам за овој закон.

Благодарам.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, бидејќи за утврдување на текстот на законот во кој што со помош на гласовите на левата коалиција е променето името на нашата држава, уставното име Република Македонија,

пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по оваа точка и во иднина секогаш кога ќе се прават вакви драстични кршења на Уставот исто така ќе се прави едно предавство на интересите на македонскиот народ, нема да присуствува и сега бидејќи сме немоќни да го спречиме овој чин на предавство во знак на протест ќе ја напуштиме салата.

(Повеќето од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ја напуштаат салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нека сите пратеници влезат во салата и седнат на своите места.

Да утврдиме точен број на пратеници. Повикајте ги сите пратеници што немаат вакви протести да влезат во салата.

Присутни се 71 пратеник. Може да продолжиме со работа.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

65 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (3 пратеника) .

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународното здружение за развој за кредит, за развој за кредит за економска обнова.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 14,25 часот).